Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

04-1543/5-2021
Бр. 30.12.2021
Дата ________

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11 Октомври бр.25,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат по Интерниот оглас бр. 2/2021, број 04-1543/2 од 21.12.2021 година, објавен на 23.12.2021 година, в.д. директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на Интерен оглас бр. 2/2021 за пополнување на работно место со унапредување**

1. За "помошник раководител на Сектор за општи работи", со шифра на работно место УПР0101Б03000, категорија Б, ниво Б03, Сектор за општи работи, (1 извршител), во Државниот завод за индустриска сопственост, се избира кандидатот **Ардијан Белули, "раководител на Одделение за прием и обработка на документација" во "Сектор за општи работи"** шифра на работно место УПР0101Б04000, категорија Б, ниво Б04.

2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција за унапредување за работното место "помошник раководител на Сектор за општи работи", со шифра на работно место УПР0101Б03000, категорија Б, ниво Б03, формирана со Решение на в.д. директорот на Заводот бр. 03-1543/4 од 27.12.2021 година по интерниот оглас бр. 02/2021 објавен на ден 23.12.2021 година на веб страната на Државниот завод за индустриска сопственост и Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, започна административна селекција на ден 30.12.2021 година, за работното место "помошник раководител на Сектор за општи работи", со шифра на работно место УПР0101Б03000, категорија Б, ниво Б03, (1 извршител).

Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

По спроведената постапка за веродостојност на доказите, на ден 30.12.2021 година спроведено е интервју од страна на в.д. директорот на Државниот завод за индустриска сопственост.

По извршеното бодирање од административната селекција и спроведеното интервју, Комисијата изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и Предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за унапредување на работното место "помошник раководител на Сектор за општи работи".

Врз основа на Предлогот, в.д. директорот на Државниот завод за индустриска сопственост изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

в.д. ДИРЕКТОР
Mr. Ibush Jusufi

ДОСТАВЕНО ДО:
- Избраниот кандидат
- Одд. за човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива